- **С**о потпишување на меморандумот за соработка помеѓу нашата Гимназија, МЦГО - Македонски центар за граѓанско образование и Општина Велес, одбележуваме девет години на заедничка работа **на English Access Microscholarship Program**.Оваа програма е поддржана од Амбасадата на САД во Македонија.Оваа учебна годинапродолжи со работачетвртатагенерација ученици кои ќе го изучуваат англискиот јазик и култура во рамките на оваа програма.Покрај теоретската настава, на покана на Амбасадата на САД, а во соработка со Музејот на современата уметностод Скопје, учениците од **ACCESS** програмата од Велес учествуваа на низа настани воСкопје.Престојот во Скопје започна со посета на кугланата и продолжи со разгледување накултурно – историските знаменитости на градот.Во доцните попладневни часови учениците го посетија Музејот на современатауметност од Скопје и присуствуваа на пригодна свеченост по повод месецот на Афро –Американската историја, организиран од Амбасадата на САД во Скопје. По повод обележувањето на денот на англискиот јазик, учесниците на програмата Access од Велеси Свети Николе на покана од Амбасадорката на САД, Анџела Агелер, ја посетија Амбасадата наСАД во Скопје. Учениците имаа можност да ја разгледаат Амбасадата и да се запознаат со бројнидипломати .Амбасадорката Агелер ги поздрави учениците и им посака успех во понатамошното следење на програмата во нивните училишта.
- Во рамки на проектот **„*Меѓуетничка интеграција, толеранција и мултикултурализам во училиштето*“** и добиениот грант беа реализирани предвидените активности**:**стручниот актив по Мајчин јазик и странски јазици, со група ученици од мешан етнички состав, во фоајето на Националната опера и балет проследија солистички концерт на Билјана Камчева – Божиновска (сопран), една од најистакнатите македонски музичариод помладата генерација. На клавир настапи Андреја Наунов, а како гостин наконцертот настапи Васако Здравков (баритон); набавени се едукативно-душтвени игри со цел проширување на знаењата на учениците по предметите од областа на општествено-хуманистичките науки и меѓусебно дружење и реализирана посета на винаријата Тиквеши запознавање со процесот на производство на виново организација на стручните активи по природни науки и математика-информатика.Преку реализираните активности се проширија знаењата за теми кои им се блиски и интересни на сите средношколци, имаше тимско и меѓутимско дружење кое

ќе придонесе за рушење на етничките бариери и меѓусебно почитување и соработка, се поттикнуваше креативноста и креативната слобода кај учениците, учениците развија поголема толеранција и ставови за почитување и помагање на соиграчите независно на која етничка група припаѓаат.

## *Јавна и културна дејност на училиштето*

Преку ова подрачје, училиштето настојува на потесната и пошироката јавност да ги презентира своите активности и да се афирмира како воспитно-образовен и културен фактор во средината каде живее и работи.

Во реализација на ова подрачје остварени се следните содржини:

- **Гимназијалците, во Амфитеатарот при Младинскиот парк, по вторпат, го одбележаа 16-ти октомври,** ден кога трагично згасна, животот на дваесет и шест годишниот, Тоше Проески, големата музичка ѕвезда од нашата естрада. Во негова чест и оваа година, учениците од Гимназијата „Кочо Рацин“, Велес, под иницијатива на ученикот, Филип Настов и професорите- координатори, Магдалена Сарагинова, Јулијана Михова и Атанас Зафиров, организираа хуманитарен настан и пригодна програма.Преку перформансот, „Тоше, во срце те носиме!“, во изведба на учениците: Јана Пљокова, Изабела Жабева, Кристијан Мартинов, Марија Игнова, Марио Заеков, Сандра Јосмов, Андреј Димоски и учениците од училиштниот бенд: Филип Настов, Ива Ракиџиева, Михаил Петковски, Стојан Димовски, Кристина Станишева, Филип Андоновски, Ангел Богоевски, Андреј Цецев и Матеја Андреева, учениците го истакнаа животниот пат и дело на прерано загинатата македонска ѕвезда која гордо чекореше по музичката сцена.
- Во чест на големата музичка ѕвезда, Тоше Проески, на 16-октомври учениците и нивните наставници одиграа ***натпревар во одбојка*** преку кој ја истакнаа големата љубов на Тоше Проески кон одбојката како спорт кој тој намногу го сакал.
- **Одбележување на месецот на книгата** со интерпретација на стихови од поетската збирка „Дениција“ од Петре М.Андреевски од страна на учениците: Ања Трајковска, Бојана Мицевска, Катерина Здравева и Јаков Ѓоргоски придружувани со музичките звуци на виолината во изведба на учениците: Матеја Андреева и Кристина Станишева.Денот посветен на книгата, беше збогатен со интересен интерактивен квиз со содржини од областа на македонската и светската литература и граматиката на македонскиот литературен јазик. Содржините од квизот посветени на важноста на книгата и читањето пред деветтоодделенците ги пренесоа учениците: Ана Бошкова и Кристијан Мартинов.Преку цртеж кој го изработуваше на денешниот настан, ученичката Лили Божиновска испрати порака за важноста од читањето книги. Треба да читаме за да ѝ овозможиме на нашата душа да се наследува.Не постои поверен пријател од книгата.Реализирањето на оваа активност беше координирана од наставниците по Македонски јазик и литература: Цветанка Карамаркова, Весна Павлова и професорите по Ликовна и Музичка уметност, Јулијана Михова и Атанас Зафиров. Програмата ја водеа учениците:Елена Сараулева и Матеј Славески.
- Во рамките на **одбележувањето на државните празници** 11Октомври и 23 Октомври, и 79 годишнината од ослободувањето на Велес, беше положено цвеќе пред спомен обележјата во градот

- СОУ „ Гимназија Кочо Рацин“, која со гордост го носи името на својот патрон и оваа година се вклучи во одбележувањето на 56 Детски Рацинови средби со следните активности:
  - положување на цвеќе на бистата на Рацин во училишниот двор на Гимназијата, споменикот на Рацин во центарот на градот и Спомен – Костурницата;
  - Гостување на проф.д-р Елка Јачева – Улчар,  која пред учениците од основните и средните училишта во градот и професорите по Македонски јазик и литература, зборуваше за највпечатливите стихови од стихозбирката „Антологија на болката“, за љубовните изливи на Рацин кон Раца низ раскажувањата на Рахилка Фирфова – Ѓоргова.
  - Група ученици со наставник Александра Стојановска, беа дел од активноста „На гости кај Рацин“ и ја посетија Спомен – куќата на Рацин.
- Во организација на Федерацијата на Спортски педагози на Р.Македонија (ФСПРМ), на 29.09.2023 година, **Гимназијата беше домаќин на одбележувањето на Европскиот училишен спортски ден** (European School Sport Day). Овогодинешното мото на ЕССД е „Радоста во спортот и физичката активност“. На настанот кој се одржа на спортските терени во Гимназијата, присуствуваа гости од училиштата од Кавадарци, Св.Николе, Росоман, Градско и основните училишта од Велес. Гимназијалците со одговорните наставници по Спорт и спортски активности и националниот координатор Зоран Јованов земаа активно учество во спортско - рекреативните активности.
- Пригодна програма за одбележување на 84 - годишнината од излегувањето на стихозбирката „Бели мугри“ од Кочо Рацин. Реализирањето на оваа активност беше координирана од професорите по Македонски јазик и литература и професорите по Ликовна и Музичка уметност.
- Гимназијата „Кочо Рацин“ беше учесник на првиот Новогодишен хепенинг под мотото„Празнично е да си дома – дома е Велес“ кој се одржа во Младинскиот парк во организацијана општина Велес
- ***Одбележување на 14 февруари -*** По повод Денот на вљубените (Валентајн) и Денот на виното (Св.Трифун) во нашето училиште се одржа краток музички настан на кој учениците пееја и свиреа во знак на љубовта.
- **По повод одбележување на 21 февруари - Меѓународениот ден на мајчиниот јазик,** Младинскиот центар во соработка со Европската куќа –Велес и со поддршка на Локалната библиотека „Гоце Делчев“, организираше работилница за значењето на мајчиниот јазик.Свое обраќање пред присутните имаше директорката набиблиотеката, Снежана Бошевска, а потоа модераторот на работилницата,професорката Магдалена Сарагинова. Едукативната работилница продолжи со квиз натпревар, преку кој назабавен начин, учениците ги утврдија и проверија своите знаења замакедонскиот јазик, за што добија и благодарници.
- Учениците од нашата Гимназија го одбележаа **Денот на мајчиниот јазик** преку искажувања на мисли за јазикот и претставување на поезија создадена на македонски јазик.Со свои говори и цитати посветени на македонскиот јазик се претставија учениците: Ана Бошкова, Јана Пљокова, Милена Димова, Гордан Кимов Теодора Панова, Ива Илиевска, Нина Митевска, Катерина Здравева и Марија Манева.Во музичкиот дел настапија учениците: Филип Настов, Ива Ракиџиева и Михаил Петковски.Реализирањето на оваа активност беше координирана од професорите по Македонски јазик и литература и професорот по Музичка уметност. Програмата ја водеа учениците: Мила Јовановска и Кристијан Мартинов. Пријатните мигови од оваа вечер со својот фотообјектив ги овековечија учениците: Елена Стојановска и Никола Стојановски.Настанот го реализиравме во пријатните простории на Европската куќа.

- Оваа година празнувањето на **Меѓународниот ден на жената, 8 Март**, општина Велес го одбележасо одржување на дебата на тема „Борба, НЕ кафана“, преку која се потенцираше суштината зоштоовој ден се одбележува еманципацијата на жената во општеството. Во дебатата беа вклучени ситесредни училишта во градот.Од нашето училиште дебатираа учениците: Ана Ѓуровска и КристијанМартинов под менторство на професорката Милка Петровски.
- Во пресрет на одбележувањето на Меѓународниот ден на жената, 8 Март, општина Велес **организира хуманитарен базар** во кој се вклучи и нашето училиште. Вредните раце на нашите Гимназијалци изработија прекрасни производи кои беа изложени на штанд поставен во холот на училиштето, а собраните средства од продажбата ќе се искористат за хуманитарни цели.
- По повод ***7 март***, ***Денот на албанскиот наставник***, учениците од паралелките со настава на албански јазик со своите поетски и прозни творби го означија овој ден значаен за развојот на образованието на албанскиот народ
- СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, во соработка со Општина Велес,достојно **го одбележа 14 Март – Денот на отпочнувањето** на Штрајкот научениците од велешката Гимназија. Оваа година прославуваме 82 години од бунтовниот 14 Март 1942 година, денот кога напреднитемладинци, Гимназијалци го кажале своето решително, НЕ, на бугарскитеокупаторски власти.Годинешново прославување го одбележавме со ***изведба натеатарската претстава „Штрајкот на велешките Гимназијалци“.***Приадаптацијата на текстот беа ангажирани учениците Ива Илиевска иКристијан Мартинов во режија на професорките по Македонски јазик илитература Цветанка Карамаркова и Весна Павлова.
- Преку собирање и складирање на непотребната хартија, учениците и вработените при СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, ја реализираа еколошката акција и го одбележаа ***Денот на пролетта*** под мотото „Во животот го добивате она што ќе го дадете“. Да бидеме одговорни кон нашата околина и да ја подигнеме еколошката свест за подобрување на условите во кои живееме и работиме е пораката што ја упатија учениците и професорите од нашето училиште преку спроведената еколошка акција.Одговорни професори: Елизабета Николовска и Силвана Илиева Печкова
- Поповод***одбележувањетона 20 Март, Светскиотденнасреќатаи 21 МартСветскиотденнапоезијата***, УчилишнатазаедницаприСОУ „ГимназијаКочоРацин“, подменторствонапрофесоркатапоМакедонскијазикилитературараспишалитературенконкурснатема „Засреќаепотребномалку“. Прекраснитестиховиодсвоителичнитворбинапишанинамакедонскијазик, учениците: ЈанаПљокова, АлександраЧатмоваиНинаМитевскагиинтерпретирааапредсвоитесоученициипрофесоривоучилиштето. СосвојаличнатворбанапишананагерманскијазиксепретставиученикотКристијанТрајковски. ВомузичкиотделнапрограматанастапиученикотМихаилПетковскисовокалнаиинструменталнаинтерпретацијаподменторствонапрофесоротпоМузичкауметност, АтанасЗафиров. УченикотЈаковЃоргоскијапреземаулогатанаводителнанастаноткојсеодржавохолотнаучилиштето.
- На ***Светскиот ден на театарот*** учениците од нашата Гимназија,вљубеници во актерството и театарот, имааа можност да се сретнат со актерите од велешкиот театар Ј.Х.К. „Џинот“, Жарко Спасовски и Кире Ацевски.Средбата се

одржа во училишата библиотека, а на истата присуствуваа околу триесеттина ученици од прва до четврта година под менторство на професорите по Македонски јазик и литература.

- Учениците од СОУ,,Гимназија Кочо Рацин" во Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид ,,Димитар Влахов" – Скопје, повторно ја извдоа театарската претстава ,,Штрајкот на велешките Гимназијалци". Громогласниот аплауз и емоциите кај публиката ја потврдија успешната изведба на тестарската претстава
- Во просториите на библиотеката при СОУ,,Гимназија Кочо Рацин" се одржа ***крводарителска акција***. На истата даруваа 13 дарители и дел од професорите. Акцијата заеднички ја реализираа Црвен крст на РСМ Општинска организација Велес и Институтот за трансфузиона медицина од Скопје. На акцијата учествуваа тројца волонтери од Клубот на млади, ученици од нашето училиште
- По повод одбележувањето на ***Светскиот ден на здравјето и Светскиот ден на спортот,*** учениците од 1-1, 2-2 и 3-1 клас од нашата Гимназија, со професорите по Спорт и спортски активности ја реализираа ***планинарската тура***на локациите:Папрадиште, планинарски дом Чеплес и Бабина Дупка. Другарувањето помеѓу учениците, природните убавини и прекрасните пејзажи на планинскиот масив Јакупица, оставија прекрасни спомени кај секој од нас со желба повторно да посакаме да бидеме дел од таа природа.
- Во пресрет на велигденските празници, во организација на општина Велес, на 22 април во Младинскиот парк започна **велигденскиот базар** на кој беа изложени рачни изработки и украси што го симболизираат христијанскиот празник Велигден изработени од вештите раце на велешките ракотворци. Нашите Гимназијалци изработија прекрасни велигденски производи кои беа изложени на штанд во Младинскиот парк. Учениците се подготвуваа под менторство на професорката по Ликовна уметност, Јулијана Стумбова и одговорните професорки на Училишната заедница, Жанет Јанев – Сарагиновски и Благица Аризанова – Шопов.
- СОУ „ Гимназија Кочо Рацин" и оваа година се вклучи ***во одбележувањето на 9Мај, Денот на победата над фашизмот,*** кога со капитулацијата на нацистичка Германијазаврши Втората светска војна во Европа. Директорот и вработените при СОУ „Гимназија Кочо Рацин", со положување набукет цвеќе на бистата на паднатите борци за слобода на Спомен – Костурницата, имоддадоа почит на жртвите на фашизмот чии мошти почиваат во костурницата.

***Активности за одбележување на Патронатот на училиштето***:

Одбележувањето на Денот на училиштето се реализираше преку следните активности:

- Директорот и вработените при СОУ „Гимназија Кочо Рацин", со **положување на букет цвеќе на бистата на Кочо Рацин** во училишниот двор на Гимназијата и Спомен – Костурницата, му оддадоа почит на својот патрон и ја одбележаа годишнината 115 години од неговото раѓање.Чествувањето во рамките на програмата на општина Велес продолжи во Ликовниот салон со беседа од асс.м – р Иван Антоновски, отворање на изложбата на Ласко Џуровски инспирирана од Рациновиот ракопис и драмскиот перфоманс на МДПС Премиера.

- Традиционално, во чест на нашиот патрон, Коста Солев Рацин, Стручниот актив по Мајчин јазик и странски јазици и проф. по Ликовна уметност, распишаа **литературен и ликовен конкурс** за деветтоодселенците и средношколците од нашата општина и околината. Оваа година, темата за создавање на поетски и ликовни творби беше „Рациновите мугри, патот до светлата иднина“.Наградите, беа доделени во Медијатеката на Локалната библиотека „Гоце Делчев“. Присутните имаа можност да го погледнат снименото видео, подготвено од библиотеката, а посветено на ликот и делото на основоположникот на македонската поезија, Кочо Рацин.На литературниот и ликовниот конкурс пристигнаа голем број на творби кои ни докажаа дека младите генерации, умеат своите мисли и идеи да ги преточат во пишани зборови.Рациновите следбеници и денес со гордост ги изведуваат Рациновите стихови.Ученикот Филип Настов, настапи со стиховите од песната „Ленка“,преточени во музика.Првата награда и припадна на, Јана Пљокова, ученичка од II-1 клас ментор:Александра Стојановска, втора награда за Изабела Ѓурчиновски, ученичка во III-1 клас, ментор: Магдалена Сарагинова; трета награда за Елена Стојановска, ученичка во 1-4 клас, ментор: Весна Павлова. Наградени ученици на албански јазик се:прва награда за Мерво Садикова;Втора награда за Валмир Имеров;Трета награда за Флора Синанова,под менторство на Линдита Маликова.
- Наградени творби напишани на англиски јазик се:Прва награда за Теодора Панова, ученичка во I-2 клас, ментор: Соња Трајчева, Трета награда за Лилјана Андовска, ученичка од I-1клас, ментор: Соња Трајчева.
- Наградени творби напишани на германски јазик се: Прва награда за Изабела Ѓурчиновски, ученичка од III-1клас; Втора награда за Кристијан Трајковски, ученик во II-2 клас; Трета награда за Марко Чипевски, ученик во II-2 клас.Сите наградени ученици се под менторство на Жанет Јанев- Сарагиновски.
- Наградени творби напишани на француски јазик се: Прва награда за Наталија Малчева, ученичка од IV-4 клас, Втора награда за Елена Коцева, ученичка од II-4 клас,  Трета награда за Филип Андоновски, ученик од II-4 клас Ментор на сите наградени ученици е Билјана Миланова.
- На Ликовниот конкурс се наградени следниве ученици:Прва награда: Стефани Настова, ученичка од III-4 клас, Втора награда: Марија Арсовска, ученичка од III-4, Трета награда за Мелани Сарагинова, ученичка ид III-3 клас, ментор:Јулијана Михова
- Како дел од активностите реализирани по повод одбележувањето на Патрониот празник, е и активноста **„Лингвистички предизвик“** реализирана од страна на Активот по странски јазици при СОУ „Гимназија Кочо Рацин“. На истата се одржа интерактивен квиз за деветтоодделенците од основните училишта од нашиот град и учениците од прва година од нашето училиште. Се натпреваруваа шест тимови деветтоодделенци и гимназијалци кои покажаа заедничка работа, дружење и покажување на своите знаења од областа на странските јазици кои ги изучуваат.
- Одржување на **филозофската мултимедијална работилница** „Рацин и Богомилите“. Работилницата ја водеше професорот по филозофија д-р Бошко Караџов и на истата учениците ги продлабочија своите знаења за содржините на филозофските текстови на Коста Солев Рацин, особено за неговите три студии за богомилското движење. Целта на работилницата беше, како што вели и самиот Рацин во неговата студија Богомилите – кратка расправиа от историата македонска: „Да се говори за такви работи што се вечни и што останат на поколениата што идат – љубов за слободата, правдините, како и за недогматичната мисла и за истината што се открива по тој пат”

- **Ораторска вечер** на тема „Јазикот- тоа е големата сила на народот, на нацијата“.Своите ораторски способности ги покажаа учениците: Јана Пљокова, Милена Димова, Гордан Ќимов, Катерина Здравева, Нина Митевска, Викторија Панзова, Теодора Панова и Ана Бошкова. Тие се подготвуваа под менторство на професорката Милка Петровски и Жарко Спасовски, актер при театарот Ј.Х.К.Џинот – Велес.Моќта на јазикот е главната инспирација за организирање на оваа ораторска вечер на која учениците преку своите говори ја истакнаа важноста од употребата на мајчиниот македонски јазик, а преку тоа не потсетија и на големите имиња од областа на македонската литература и јазик: Крсте П.Мисирков, Блаже Конески и Кочо Рацин.
- **Интерактивна работилница, по повод Патрониот празник. На која тематика беше науката и нејзината огромна важност за иднината на човекот**. Настанот беше организиран, под закрило на Активот по природни науки. Програмата ја водеа учениците: Кристијан Мартинов и Ивана Јанкуловска, кои подготвија интересни факти од науката, како и квиз насловен ,,Еурека!“. Во квизот учествуваа ученици од прва до четврта година, а победата ја однесе Тимот 2, со име ,,Ајнштајн“, со неколку поени предност пред Тимот 1, ,,Сократ“. Настанот беше надополнет со научно видео со наслов ,,Енигматска клетка: Битие на животната увертира“, подготвено од учениците, како и излагање на ученичката Јана Пљокова на тема ,,Подемот на вештачката интелигенција“. Во текот на целата активност, ученичката Лили Божиновска од прва година, сликаше прекрасен уметнички цртеж со мотиви од вештачката интелигенција.
- **Математичко – информатичка работилница под наслов „Гимназиска Одисеја**“.Работилницата беше подготвена под менторство на професорите од Стручниот активпо Математика и Информатика. Во подготовката на работилницата учествуваа ученици од прва и втора година кои изработија интерактивни презентации за деветтоделенците одсите основни училишта од општината.
- **Пригодна културно–уметничка програма со мултимедијалните содржини преку кои беа претставени необјавените песни од поетското творештво на Кочо Рацин.** Учениците работеа под менторство на професорите Александра Стојановска и Сашко Николовски. Во уметничкиот дел беа интонирани химната на нашето училиште “ и химната на нашиот град во изведба на хорот на Гимназијата. Хорот работеше под менторство на професорот по Музичка уметност,Атанас Зафиров.**Завршната вечер традиционално беше одбележана со изведба на театарската претстава. „12.Ноќ “од Вилијам Шекспир**. Адаптацијата на драмскиот текст и режијата се на Ненад Витанов, актер во велешкиот театар Ј.Х.К.Џинот. Подготовката и реализацијата на театарската претстава 12.Ноќ од Вилијам Шекспир се одвиваше под менторство на професорките по Македонски јазик и литература Цветанка Карамаркова и Весна Павлова.
- **Ликовна изложба „Рацинови мугри**“ подготвена од учениците при СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ под менторство на професорката по Ликовна уметност, Јулијана Михова.

### *Професионален развој на кадарот*

- Учество на **Зоран Јованов**, наставник по Спорт и спортски активности, со трудот “Physical activity habits of secondary school students and perceived benefits for overal health“,на ***петнаесеттата Меѓународна научна конференција, која се одржа на Софискиот универзитет*** „Св.Климент Охридски“ во организација на Департментот по спорт. Презентираниот труд ги анализира навиките за физичката активност на сто дваесет и четири ученици од нашата Гимназија.

- Во организација на Центарот за семејно и детско згрижување (КНОП), а во соработка со Првата детска амбасада „Меѓаши“, во Скопје се одржа **Меѓународната конференција на тема „Креирај го твоето место за растење“.** На конференцијата учествуваа претставници од општина Велес, претставници и ученици од средните и основните училишта од градот. Нашето училиште го претставија Бранка Донева, педагог, Милка Петровски, професор и Ана Бошкова, претседател на Училишната заедница. Одржувањето на оваа конференција има за цел да помогне во споделувањето на знаењата, искуствата и најдобрите практики за спроведување на иницијативите посветени на децата.
- Во организација на Центарот за семејно и детско згрижување (КНОП), а во соработка со Првата детска амбасада „Меѓаши“, во Велесво рамките на проектот **„Креирај го твоето место за растење“,** се одржа обука за јакнење на капацитетите на воспитно-образовниот кадар на која учество зема Јулијана Михова, наставник по ликовна уметност
- Канцеларијатана УНИЦЕФ воСкопјевосоработкасоСоветотзапревенцијапротивмалолетничкаделиквенцијаодКавадарциво октомври организираше дводневна обука на тема „**Пристап воден од доживеана траума**“.На оваа обука и претходеа две онлајн сесии на истата тема водени од Флавија Валгуисти од Аргентина. На обуката од нашето училиште учествуваа психологот Анита Смилевска и Милка Петровски, наставник по Вовед во правото.
- Во организација на Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и Младинскиот образовен форум (МОФ), се одржа дводневна обука на која учество зема, координаторката на училиштниот новинарски клуб, наставник, Магдалена Сарагинова. Обуката е поддржана преку проектот на УСАИД, за ***медиумска писменост, „Младите размислуваат“.***
- Во организација на коалиционите партнери „СЕГА“, Песталоци, Меѓаши, Смарт ап, МЦГО се одржа дводневна обука за вклучување во проектот ***„Безбедна училишна средина“*** , на која учество земаа стручните соработници Бранка Донева и Ленче Перчинковска
- Во рамките на проектот EmpoweredEd со поддршка на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, во Скопје се одржа настан на кој се презентираше ***моделот на ко–менаџмент телото*** во средните училишта изработен од страна на претставниците од осум училишта од нашата земја директно вклучени во проектот. Креираните механизми гарантираат учество на учениците во процесот на носење одлуки во училиштата, поттикнуваат активно вклучување на учениците во училишниот живот, чувство на припадност, но и чувство на одговорност кон училишните процеси.Од нашето училиште на настанот присуствуваше Жанет Јанев – Сарагиновски, одговорна професорка на Училишната заедница во Гимназија „Кочо Рацин“.
- На 29 ноември 2023година, Советот за јавно здравје на Општина Велес одржа предавање со презентација на тема ***„Менталното здравје ги засега сите“.***Предавачи на овој настан беа Др. Родна Јораднова и Др. Лили Чолакова Дервишова.Целта на предавачите беше да се подигне свеста кај младите луѓе на оваа тема , да се скршат сите бариери, табуа и предрасуди. На предавањето од нашето училиште присуствуваа 15 ученици од прва година заедно со психологот Анита Смилевска и дефектологот Ленче Перинковска.
- На **редовната седница на Општинскиот Совет за превенција од детскопрестапништво,** присуствуваше проф.Весна Павлова, претставник од СОУ„Гимназија Кочо Рацин“.Во рамките на Годишната програмапланирани се повеќеедукативни работилници за одделни целни групи (ученици, родители, наставници),одржување на трибини и дебати соученици од основните и средните училишта воградот.
- **Обуката од областа на прва помош** за наставниот кадар во Гимназијата сереализира од страна на д-р Владо Хаџи-Наумов. Тој ги наведе сите повреди штоможат да се случат на работното место и ги објасни начините, методите ипостапките кои треба да се применат со цел укажување на прва помош наповредениот.На обуката присуствуваа Верољуб Додевски и Александра Илијевска,претставници од Црвениот крст наопштина Велес, кои при демонстрација наметодите за пружање на прва помош, дадоа свој придонес во реализацијата наобуката.

- **На 29 февруари, 2024 година, за наставниот кадар во Гимназијата се реализираобуката на тема „Воспитно – образовната работа со учениците** со визуелниоштетувања“. Истата ја реализираа м-р Александра Јаковчевска, специјаленедукатор и рехабилитатор и м-р Анита Чекановска – Димитриевска,тифлопедагог, вработени во Државнотоучилиште за рехабилитација на деца имладинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ – Скопје.
- На **меѓународен симпозиум „Медиумскатаписменост во добата навештачката интелигенција: Проширување на границите навозможното“,** кој беше организиран во рамки на проектот на УСАИД за медиумскаписменост „Младите размислуваат“учествуваа професорката Магдалена Сарагинова и ученичките Василка Карталоваи Изабела Ѓурчиновски.
- Во рамките на проектот „Промоција на Безбедна училишна средина“ на 22 мај 2024година, во нашето училиште се реализираше**работилница за Политика за заштита на децата** во која беа вклучени директорот, стручните соработници и наставниците од училиштето.Целта наработилницата беше да се изготви јасна и прецизна процедура за заштита на децата која ќе биде практична и применлива за нашето училиште, со можност да ги зајакнеме своите интерни капацитети за справување со насилство. На сесијата беа разработени Упатството за постапување во случај на насилство од Министерството за образование и наука и предлогПолитиката за заштита на децата. Работилницата беше фасилитирана од Зага Колодезни, надворешен експерт.
- Во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ во које вклучена и нашата Гимназија, во периодот од 13 до 15 мај се одржа **обука заунапредување на капацитетите на стручните служби во училиштата**. На обукатаземаа учество педагогот Бранка Донева и специјалниот едукатор ирехабилитатор, Ленче Перчинковска.Целта на обуката е зајакнување на училишните капацитети со посебенфокус на соработка со родителите во делот на нивна вклученост во превенција однасилство и примена на методи за врсничка едукација.За таа цел стручните соработници во наредниот период ќе обучат ученици– врснички едукатори, кои преку едукација на своите врсници ќе делуваат напревенција и заштита од врсничко насилство.

### *Работа на стручните органи и тела во училиштето*

Во изминатиот период Наставничките совети на паралелките, Стручните активи, Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор, работеа според Годишната програма, а планираните активности за изминатиот период се во целост реализирани, за што се води уредна педагошка евиденција.

Училишната заедница активно работеше во изминатото полугодие под раководство на претседателот Ана Бошкова а под менторство на одговорните наставници Жанет Ј.Сарагинова и Благица А.Шопов. Во текот на првото полугодие реализирани се повеќе активности од хуманитарен карактер, а собраните финансиски средства и материјални добра беа наменети за социјално загрозени семејства

### *Соработка со стручни лица и институции*

- **По повод 8 Септември**, Денот на независноста на Република Македонија, учениците:Ива Ќумбева, Сара Ристовска, Леа Таратакова и Филип Таневски од 4-3 клас со одговорниот професор Весна Павлова, присуствуваа на ***дискусијата на тема „Независноста вчера, денес и утре “ која се одржа во просториите на „Европска куќа“ во Велес.***

- По повод 15 септември, Меѓународниот ден на демократијата наши ученици со одговорниот професор Милка Петровски беа дел од **едукативниот семинар „Младите и демократијата“** организиран од страна на Парламентарниот институт на Собранието на Република Македонија
- По ***повод Европската недела на мобилност***, на 21 септември во нашето училиште во ***фитнес и спортската сала*** бевме посетени од претставници на локалната самоуправа и претставници на фирмите „Еуро-Фарм“ и „Нестлѐ Адриатик д.о.о.е.л. Македонија” кои донираа спортски реквизити и ја проследија нивната примена на часовите по спорт и спортски активности
- Наши ученици со одговорниот професор Милка Петровски беа дел од **Шестата годишна конференција на Меѓународниот Форум** на центрите на посетители во парламентот.Тие како најдобри од најдобрите беа избрани да учествуваат на симулацијата на законодавна постапка која за првпат се одвиваше на англиски јазик. Учениците и овојпат го искажаа својот став за темата ,,Борба со феноменот лажни вести".
- Во рамките на Меѓународниот фестивал на античка драма „Стоби“, се одржа **работилница под наслов „Современите текови на античката драма“.**во Народниот театар Ј.Х.К.Џинот – Велес Учениците: Мелани Сарагинова, Милена Димова, Викторија Дојчинова, Бојана Кимова, Анастасија Неделкова, Христијан Анастасов, Марија Арсовска, Христијан Ѓорѓиевски, Стефани Настова, Алејна Мемедова, Ален Мемедов од трета година и Јана Трипуновска од прва година од јазично – уметничкото подрачје, со одговорниот професор Весна Павлова, денес присуствуваа на Работилницата
- Учениците од прва година со одговорните професори по Македонски јазик и литература, Цветанка Карамаркова и Весна Павлова, на ден 12.10.2023 година присуствуваа на ***панел - дискусијата под наслов „Антигона, триесет години подоцна“.***Настанот се одржа на малата сцена во Народниот театар Ј.Х.К.Џинот – Велес во рамките на Меѓународниот фестивал на античка драма „Стоби“.Панел – дискусијата ја водеа директорот на Народниот театар, Сашо Димоски и актерот Јордан Витанов.
- Во Училиштето како дел од ***проектот ,,Иднината сум и јас",*** во реализација на Фондација за локален развој и демократија “Фокус“, поддржан од Општина Велес се реализираше обука во која беа вклучени ученици од прва до четврта година. На теоретскиот дел од обуката младите дискутираа за своите права разгледувајќи ја Конвенцијата за човекови права и посветија особено внимание на поединечни членови кои се важни за младите. Практичниот дел се состоеше од анализа на домашната задача кои ја добија на теоретскиот дел, која се однесуваше за анкетирање на средношколците за нивната запознаеност со човековите права, заштитата и лобирањето.
- Од страна на директорот на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес, Илија Попов и **Академијата за програмирање Skill up од Велес**, на ден 30.10.2023 година е склучен договор за посетување на бесплатни студии на Академијата од учениците од нашето училиште. Академијата ќе ја посетуваат учениците првенци на генерација на Гимназијата во учебната 2022/2023 година: Ана Бошкова, Кристијан Мартинов и Миа Трајковска. Тие ќе следат соодветна наставна програма од областа на програмирањето со соодветни тренери за реализација на наставата во времетраење од осум месеци
- На 7 декември 2023 година од страна на директорот на СОУ „Гимназија КочоРацин“ – Велес, Илија Попов и претседателот на Младински образовен форум,Ристо Савески, беше ***потпишан меморандум за соработка***, чија главна цел еучество на учениците од Гимназијата во младинските клубови и активностите наМОФ.Преку овој меморандум учениците ќе имаат можност да се вклучат во предавањаво рамките на клубовите: „Учиме право“, „Дебата“ и „Младински активизам“.Членовите на клубовите ќе можат да учествуваат во посети на локални инационални државни институции, учество на национални дебатни првенства,работилници и други активности поддржани од страна на МОФ.

- Локалната библиотека „Гоце Делчев“ во соработка со издавачката куќа „Збор“беа организатори на промоцијата на двојната интерактивна стихозбирка„Македонствување“ која ја сочинуваат стихозбирките „Мудровезби“ и „Грутка вогрлото“. Автор на стихозбирките е роднокрајната авторка Десанка Николова. На овојнастан присуствуваа учениците од 1-2и 1-4 клас со одговорните наставници АтанасЗафиров и Весна Павлова.Настанот беше збогатен со музичкиот настап на учениците: Михаил Петковски,Кристина Станишева, Ива Ракиџиева и Филип Настов од Гимназијата „Кочо Рацин“под менторство на професорот Атанас Зафиров.
- По повод одбележувањето на 5-ти Декември, Меѓународниот Ден наволонтерството, ученици од училишната заедница учествуваа на интерактивнапанел дискусија на тема „Можности за волонтирање преку програмите на Меѓународните организации”.
- Во рамките на активностите на Институтот за Македонски јазик „Крсте Мисирков“, а восоработка со Националната установа Ј.Х.К Џинот – Велес на на малата сцена, сеодржа трибина за ,,Македонскиот јазик во наставата”. Трибината е во рамките на проектот,,Мисирков отпосле“ реализирана со цел да се одбележи јубилејот 120 години од излегувањетона значајниот историски и филолошки текст „За Македонцките работи“ од Крсте ПетковМисирков.На трибината присуствуваа ученици од Гимназијата од прва до четврта година членови наДебатниот клуб, Новинарски клуб и членови на проектната активност Литературни клубови идрамски секции, под менторство на професор Весна Павлова.Во продолжение учениците ја проследија тетарската претстава „Мисирков отпосле“ инспириранаод животниот и творечкиот пат на Крсте Петков Мисирков.Учениците на претставата присуствуваапод менторство на професорите Зоран Јованов, Милка Петровски и Жанет Јанев-Сарагиновски.
- По повод 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост,учениците од нашата Гимназија со одговорниот професор Милка Петровскибеа дел од настанот под името ,,Патот до независноста” организиран од странана Младинскиот центар во Велес во соработка со Center for Youth ActivismKRIK / КРИК.Станува збор за проектот на „Крик“ којшто се спроведуваше цели две години ибеше посветен на поддршка на младите лица со и без попреченост дапостигнат автономија и независно живеење преку неформална едукација
- Општинската организација на Црвен крст во Велес и Институтот затрансфузиона медицина од Скопје, во координација со проф.Елизабета Николовска, во просториите на нашетоучилиште реализираа крводарителска акција. На истата својата крв ја даруваадваесет и еден ученик и три професора.
- Учениците Милена Димова, Јана Пљокова, Нина Митевска, Теодора Панова иМатеја Андреева со одговорниот професор по Македонски јазик и литература ВеснаПавлова беа дел од промоцијата на книгата „Презимето кај Македонците“ од проф.д-рЕлка Јачева – Улчар, лингвист и авторна повеќе научни трудови, добитник на наградатаза животно дело „Гемиџии“ за 2023 година.Учениците прочитаа извадоци од книгата преку коиимавме можност да слушнемеза историјата и потеклото на презимињата карактеристични за македонската нација, какои за новите презимиња кои се присутни во нашето поднебје
- На 28.12.2023 година, нашето училиште го посетија претставниците на Амбасадата наСоединетите Американски Држави, Филип и Бојан, коишто несебично им ги презентираа ситедостапни проекти нанашите ученици.Со одговорниот професор за соработката, БлагицаА. Шопов, се утврдија идните проекти кои ќе започнат со реализација во наредниот период.

- Во рамките на кампањата „Петарди не, безбедност пред сè “, од доктори на Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија и СВР – Велес, во нашето училиште за учениците од прва година се одржа предавање на тема „Петарди не, безбедност пред сè “.Тие, присутните ученици ги запознаа со несаканите ефекти и последиците од користењето на пиротехнички средства истакнувајќи дека нивното користење е строго забрането, а празничното пукање со петарди може да биде исклучително опасно по животот и здравјето, оставајќи тешки последици врз животот на младиот човек.
- Учениците од општествено – хуманистичкото подрачје, беа во посета на Собранието на Република Македонија и имаа можност да се запознаат со историјата на зградата, внатрешноста и најрепрезентативните простории во неа, како и со организацијата и функционирањето на оваа институција.
- Во рамки на проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба“, во салата„Бели мугри“ се одржа театарската претстава „Тивки жртви“ во изведба наМладинското драмско – поетско студио „Премиера“. Претставата беше прикажана пред учениците од средните училишта во градот. Истата ја проследија и учениците од нашата Гимназија со своите одговорни професори.На сцената младите актери ја прикажаа агонијата на жртвите на насилството, доминантноста на појаките врз послабите, пренесувајќи силнапорака до младите да се негува другарството, почитувањето и различностите.Проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба“ е финансиран одстрана на Фондот за мир на Обединетите нации, имплементиран од страна наОпштина Велес и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) восоработка со УНФПА, УНЕСКО и UN Women.
- Во организација на ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација иистражување и во соработка со Интерарт културниот центар, на 22 мај на Малатасцена во Народниот театар „Јордан Хаџи Константинов Џинот“ во Велес бешеизведен перфомансот за јакнење на родовата еднаквост со наслов **„Простор заразговор“**. Истиот го проследија стотина ученици од нашата Гимназија со нивнитеодговорни наставници.Изведбата на перфомансот е дел од низата културни настани од проектот„Простор за разговор“, чија цел е преку уметност, танц, театар и филм сплотени воеден перфоманс да се зајакне чувството на припадност кон
- Ученичките спортистки од нашата Гимназија активно учествуваа во **проектот за родоваеднаквост** кој има за цел да ги зајакне девојките и да ги промовира Олимписките игри прекуработилници. На работилницата која се одржа во Европската куќа во Велес се претставијапоранешните олимпијки: Пулексенија Јовановска – поранешна олимпијка и тренер по карате,Една Муса – тренер во кошарка и фитнес инструктор и Наташа Мешковска – поранешнаолимпијка и тренер во пливање.Фокусот беше ставен на развој на вештини, поставување цели и надминување напречките, поттикнување на самодоверба и лидерски вештини кај младите спортистки.Настанот беше организиран од Француската Амбасада во Р.Македонија.
- Со цел унапредување на безбедноста на децата и младите во сообраќајот,Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот и МВР неколку години наназадреализираат едукативни предавања низ училиштата во нашата земја.Во рамките на кампањата **„Подигање на собраќајната свест кај младите 2023“ –На матурска вечер бев автомобил**“,во нашето училиште сеодржа предавање од страна на Александар Каракачанов, претставник од Републичкиотсовет за безбедност во сообраќајот.Тој ги запозна учениците со основните правила и прописи важни за безбедностана учесниците во сообраќајот, како и со факторите кои придонесуваат за собраќајнитенезгоди.

- На иницијатива на Училишната заедница на нашетоучилиште, од страна на претставници од СВР Велес се одржа **предавање заштетните влијанија и последиците од употребата на наркотици** и други нелегални супстанци.На едукативното предавање, учениците се запознаа со несаканитеефекти и последиците кои ги оставаат наркотичните средства врз младаталичност и начините за превенција и заштита од нив.

**Едукација на учениците преку работилници**

- Реализирана работилница со цел да се изврши дисеминација на тема: „**Стереотипи, предрасуди и дискриминација“** од учениците: Елена Коцева, Константин Коцев, Петар Миров и Викторија Петрушевска од II-4 клас под менторство на Ленче Перчинковска, стручен соработник.Преку разрешување на зададени прашања и претпоставени ситуации, учениците имаа можност практично да ги применат своите знаења и да препознаат и да решат случаи на стереотипи, предрасуди и дискриминација.
- Реализирани работилници со цел да се изврши **дисеминација на тема: „ Како да не се изгубат пријателите“** од учениците од II-1 клас и II-3 клас,под менторство на Ленче Перчинковска, стручен соработник. Учениците имаа можност да проследат интерактивна работилница, каде низ повеќе примери на интерперсоналнен однос во дадени ситуации ги открија причините и последиците за изгубеното пријателство, притоа секој ученик даде свое видување што според него е пријател, а што непријател. На крајот од работилницата, уениците десиминатори на своите соученици им ја пренесоа пораката: „Доверлив интерперсонален однос е основа за добро пријателство“.
- Во соработка со **Црвениот крст на општина Велес**, а на иницијатива на Училишнатазаедница при СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, вопросториите на училиштето се одржа состанок со Александра Илиевска,претставник одЦрвениот крст.На состанокот беа презентирани проектите и волонтерските активности коиги реализира организацијата на Црвениот крст, а кон кои можат да се приклучатучениците и да допринесат во извршувањето на хуманитарната мисија на Црвениот крство нашиот град и пошироко.
- **Соработката меѓу Гимназијата и Младинскиот образовен форум** на учениците одГимназијата им овозможи да се вклучат на повеќе предавања во клубовите„Учиме право“, „Дебата“ и „Младински активизам“ преку кои имаат можност да учествуваат во посета на локални и национални институции, како и учество нанационални дебатни првенства и работилници. Во платформата „Сервис млади“која е информативна и едукативна платоформа на Младинскиот образовен форум, се најде и колумната на ученичката Јана Пљокова од нашата Гимназија,со наслов „Навигација низ минско поле:Уметноста на дебатата во поларизиранитеопштества“.

- Во рамките на Годишната програма за работа на училиштето, а вособработка со Општински совет за превенција од детско престапништво наопштина Велес, се реализираа активности за превенција од врсничко насилство.Со учениците одпрва година се реализира ***работилницата „Заедно против врсничко насилство“.***Подготовката и реализацијата на работилницата се изврши од страна на стручнитесоработници:БранкаДонева, педагог, Анита Смилевска, психолог, ЛенчеПерчинковска, специјален едукатор и Весна Павлова, претставник одучилиштето, член на Општинскиот совет запревенција од детскопрестапништво.
- Учество на 66 **ученици во онлајн анкетирање** во склоп на  истражувањето „Булинг и сајбер-булинг“ организирано од Институтот за човекови права
- Во знак на продолжување на **соработката со Амбасадата** на Соединетите Американски Држави и СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, преку координација со професорката Благица Аризанова Шопов, наш гостин беше г-дин Акрам Р. Елиас кој има над триесет и седум години професионално искуство во областа на меѓународните односи.На средбата господин Елиас говореше со учениците од четврта година за слободата на говорот, можностите и предизвиците на младите и нивните способности да ја креираат и менуваат иднината на земјата.
- Под **мотото „Повеќе слични, отколку различни“,** Гимназијалците од трета година севклучија во одбележувањето на 21 Март – Светскиот ден за лицата со Даунов синдром.Учениците за време на настанот проследија предавање во кое беа запознати сокарактеристиките кои се типични за лицата со Даунов синдром. Предавањето го одржаЛенче Перчинковска, специјален едукатор и рехабилитатор.Во одбележувањето на Светскиот ден на лицата со Даунов синдром се вклучија следнивеученици од трета година: Верица Ѓоргоска, ЕленаТеова, Димитар Тевчев, МаркоПоптодоров, Ангелина Босилкова, Надица Атанасова, Мелани Сарагинова, ЈованЃошевски, Ања Тевчева, Марија Арсовска,Тодор Недев, Ане Најдовски, Афердита Јонузи,Ајтен Бакиовска, Енсар Сељмани и Ризван Ахмети.Целта на настанот е подигнување на јавната свест за прифаќањена различностите и инклузираност на овие лица во сите сфери во општеството.
- **Учество на интерактивна работилница** на тема: ***Подигнување на свеста за органодонарство итрансплантација***.На работилницата присуствуваа лица од Министерството за здравство, лекари, професори иуправители, кои истакнаа дека органодонарството претставува дарување на органи или ткива од едно лице на друго, за целите на медицинска трансплантација. На интерактивната работилница учествуваа членовите на Медиумскиот клуб „Гимназијалец“, заедно со претставници од останатите средни училишта на ниво на општина Велес.
- Учество на работилници натема:***„Врсничко насилство меѓу младите“ и „Булинг меѓу младите***“.На работилниците присуствува ученици и наставници од сите средни училишта одопштина Велес. Од нашето училиште учествуваа 16 ученици со одговорнитете наставници Петранка Стојанова и Тања Чипевска. Преку интерактивна програма и креативен пристап, предавачите од Здружението на граѓани „РУБИКОН“ Скопје, Владимир Караев и Љупка Ристовска, ги запознаа учениците со различните форми на врсничкото насилство со цел подигнување на свеста кај учениците за безбедна училишна средина. На работилницата се дискутираше и за мерките и начините на превенција и справување со врсничкото насилство. Работилниците се спроведоа во рамките на проектот „Млади за инклузија,еднаквост и доверба“, финансиран од страна на Фондот за мир на Обединетитенации, имплементиран од страна на општина Велес, Младински центар на Фондација Фокус, УНДП, УНФПА, УНЕСКО и UN Women.
- На работилницата „***Менталното здравје кај младите како предизвик на новото време***“, која се одржа во „Европска куќа“ – Велес, учествуваа и ученици од нашето училиште.Преку интерактивни вежби, учениците заедно со предавачите од Центарот за развој, едукација и советување, активно учествуваа во работилницата чијашто цел беше да се истакне важноста на менталното здравје кое е од суштинско значење за здрав развој на младите, како и начините за грижа за менталното здравје.Работилницата се спроведе во рамките на проектот „Млади за инклузија, еднаквост и

доверба“финансиран од страна на Фондот за мир на Обединетите нации, имплементиран од страна на Општина Велес, УНДП, УНФПА, УНЕСКО и UN Women.

- Учество на работилници на тема***,,Врсничко насилство и булинг меѓу младите'' и ,,Инклузија и конструктивни наративи''.***На работилниците учествуваа две групи на ученици и наставници од нашата Гимназија со одговорните наставници Соња Трајчева, Александра Стојановска. Активностите на работилниците се имплементираа во рамките на проектот ,,Млади за инклузија, еднаквост и доверба'', финансиран од страна на Фондот за мир на Обединетите нации, имплементиран од УНДП, УНФПА, УНЕСКО и UN Women. Обучувачи беа Владимир Караев и Љупка Ристовска, од Здружение на граѓани РУБИКОН, Скопје.Низ интерактивност, примери и активности, учениците се запознаа и ги проширија своите знаења.
- На настанот организиран од страна на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ и Општина Велес, по повод одбележувањето на **117 годишнината од раѓањето на велешанецот Георги Шоптрајанов,** присуствуваа и ученици од СОУ „ Гимназија Кочо Рацин“ со професорката по Македонски јазик и литература, Весна Павлова.
- Со цел запознавање и информирање на учениците од четврта година со Програмите, условите и начинот на студирање, презентација извршија повеќе факултети

## II. Сознанија за инкорпорирање наМисијата во тековната година

Нашиот високо стручен наставен кадар во соработка со стручните соработници во училиштето секојдневно ја восприемува и практикува нашата мисија:Современо технолошки опремено училиште во безбедна, доверлива и компетитивна средина, кое ќе предводи во иновативната и квалитетна настава преку која ќе го гарантира акдемскиот и општествен успех на учениците, ќе ги подготвува за продуктивна ангажираност во глобалниот свет и низ високи стандарди и големи очекувања, ќе ги негува и поттикнува научната љубопитност, општествената одговорност, спортските игри и културната продукција кај учениците.

## III. Проекција за Визијата во тековната година

Тимот добро ја познава визијата на училиштето и перманентно се залага за нејзино реално остварување во:Современа институција со високи воспитно-образовни стандарди, училиште за постојан развој на учениците и нивно оспособување за професиите на иднината кои подразбираат: критичко мислење, широки знаења, аналитички и логички дух, креативна имагинација, комуникациски вештини, лидерски способности, тимска соработка и заедничко делување.

## IV. Подрачја на промени и приоритети

Анализирајќи ги силните и слабите страни на нашето училиште, расположливите ресурси и неговото окружување, а имајќи ги во вид дефинираната мисија и воспоставената визија, се фокусиравме на определување на потребите во следните подрачја :

- Учење и настава
- Поддршка на учениците
- Управување, раководење и креирање политика

Реализацијата на приоритетите, целите, задачите и активностите во согласност со Планот за евалвација на Годишната програма за работа на училиштето и динамиката на реализација се имплементирани во Годишниот извештај за работата на училиштето.

## План за евалвација

| **Приоритет 1: Подобрување на успехот и редовноста на учениците** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цел 1.1.** | **Унапредување на квалитетот на наставата со примена на иновативни методи и техники за учење** | | | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.1.1.** | **Воведување на различни едукативни игри во рамките на наставните предмети** | 2022/26 | Б .Караџов | К | Зголемена мотивираност и вклученост на учениците, како и намалени негативни чувства и психички состојби на учениците |
| А 1.1.1.1. | Запознавање на Наставничкиот совет за примена на методи за настава со употреба на игра и играње (гејмификација) | IX 2022 | Б. Караџов | И | Индивидуално следење на учениците, структурирани интервјуа и општ прашалник |
| А 1.1.1.2. | Размена на искуства и идеи (стручни активи, стручна служба…) | 2022/26 | Претседател на СА | Н | Носител на задачата |
| А 1.1.1.3. | Изработка на планирање по наставните предмети со примена на едукативни активности преку игра | 2022/26 | Претседател на СА, наставниците | В | Јуни |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.1.2.** | **Поттикнување и развивање на вештини за 21. век** | 2022/26 | Т. Чипевска, Б. Донева | К | Усвојување и примена на аналитички вештини за 21. век од страна на учениците |
| А 1.1.2.1. | Запознавање на Наставничкиот совет за дизајнирање лекции со учење засновано на | 2022/26 | Т. Чипевска, Б. Донева | И | Индивидуално и групно следење на учениците, тестови на проверка на конкретните вештини и сл. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | задачи, учење засновано на проекти и стратегија за визуелно размислување | | | | |
| А 1.1.2.2. | Организирање на дисеминација на обуката од Еразмус + | 2022/26 | Т. Чипевска, Б. Донева | Н | Носител на задачата |
| А 1.1.2.3. | Изработка на планирање по наставните предмети со примена на нови методи и техники | 2022/26 | Претседател на СА, наставниците | В | Јуни |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.1.3.** | **Подготовка на отворени часови во рамките на стручните активи** | 2022/26 | П. Стојанова | К | Изработка и реализација на отворени часови во рамките на промотивните активности |
| А 1.1.3.1. | Избор на наставни содржини за подготовка на отворен час | 2022/26 | Претседател на СА | И | Извештај за спроведени активности од страна на наставниците - носители на активноста |
| А 1.1.3.2. | Избор на едукативна социјална игра | 2022/26 | Претседател на СА | Н | Носител на задачата |
| | | | | В | Јуни |
| А 1.1.3.3. | Реализација на отворениот час | 2022/26 | Претседател на СА, членовите | | |
| А 1.1.3.4. | Анализа на отворените часови и нивна популаризација | 2022/26 | Претседател на СА, членовите | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.1.4.** | **Унапредување и интензивирање на едукативните игри кои ќе се користат во рамките на промотивните активности на училиштето** | 2022/26 | Б. Караџов | К | Учество на сите наставници во активности што ќе овозможат реализација на поставени цели |
| А 1.1.4.1. | Учество во гејмификацискиот проект „Спинокио“ | 2022/26 | Претседател на СА | И | Анкета, план за реализација на активности, самоевалвација |
| А 1.1.4.2. | Организација на меѓукласни натпревари и турнири во училиштето | 2022/26 | Претседател на СА | Н | Носител на задачата |
| А 1.1.4.3. | Организација на турнири во основните училишта | 2022/26 | Претседател на СА | В | Јуни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Согледување: Со реализација на нагледни часови со примена на едукативните игри и дизајнирање лекции со учење засновано на задачи, учење засновано на проекти и стратегија за визуелно размислување и со размената на искуства во рамките на стручните активи, се зголемува професионалната одговорност и се подобрува колегијалната соработка на наставниците со што се влијае на унапредување на квалитетот на наставата, зголемена мотивираност и вклученост на учениците, усвојување и примена на аналитички вештини за 21 век инамалени негативни чувства и психички состојби на учениците | | | | | |
| **Цел 1.2.** | **Зголемување на воспитната улога на училиштето** | | | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.2.1.** | **Унапредување на општите вредносно-воспитни навики и практики на учениците** | 2022/26 | Б. Караџов | К | Усвоени позитивни вредносно-воспитни навики и зголемено ниво на култура на однесување и свест за одговорно општествено делување |
| А 1.2.1.1. | Запознавање на Наставничкиот совет за потребата од фокусирање на принципите на современото воспитание: мировно, еколошко, родови и технолошко воспитание | 2022/26 | Б. Караџов | И | Индивидуално и групно следење на учениците,статистичка евиденција на поведението, споредбени анализи,интервјуа и разговори со учениците |
| А 1.2.1.2. | Организирање на интерни работилници за методичка доедукација | 2022/26 | Претседател на СА | Н | Носител на задачата |
| | | | | В | Јуни |
| А 1.2.1.3. | Изработка на планирање по наставните предмети со зголемување на воспитните компоненти | 2022/26 | Претседател на СА, наставниците | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.2.2.** | **Развивање на граѓанско-политички воспитни навики и демократска култура кај учениците (мирољубивост, толеранција, разбирање и прифаќање на другите, дијалог и соработка)** | 2022/26 | Б. Донева | **К** | Зголемена граѓанска свест и политичка култура на однесување и општествено делување |
| А 1.2.2.1. | Интензивирање на часовите со примена на прирачникот за ОЖВ | 2022/26 | Класните раководители | **И** | Индивидуално и групно следење на учениците, анализа на активности и општи прашалници за стекнати знаења |
| А 1.2.2.2. | Организирање и реализирање на работилници со стручни лица и врснички едукатори | 2022/26 | Носител на задачата со предметни наставници | **В** | Јуни |
| | **Содржина** | **Време на** | **Носители** | **Критерим за успех** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **реализација** | | | |
| **Задача 1.2.3.** | **Унапредување на еколошката култура на однесување и делување на учениците** | 2022/26 | Е. Николовска | **К** | Зголемена еколошка и био-етичка свест кај учениците |
| А 1.2.3.1. | Изработка на планирање со нагласување на еко-стандардите | 2022/26 | Претседател на СА | **И** | Квантитативна анализа на еколошки активности, општи тестови за проверка на знаењата од областа на заштитата на животната околина |
| А 1.2.3.2. | Организирање на активности во согласност со Еко-програмата на училиштето за здрава животна средина | 2022/26 | П. Стојанова, членовите на Еко-одборот | **Н** | Носител на задачата |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.2.4.** | **Зголемување на информатичко-комуникациската култура на учениците** | 2022/26 | Г. Саздова | **К** | Поголема дигитална култура и зголемена свест кај учениците за потребата од воспитно-културни практики поврзани со новата технологија и социјалните мрежи |
| А 1.2.4.1. | Изработка на правилници и кодекси | 2022/26 | Претседател на СА | **И** | Индивидуално и групно следење на учениците, структурирани интервјуа и разговори, како и општи прашалници за нивото на познавање на одговорностите и предизвиците на младиот човек со технологијата |
| А 1.2.4.2 | Организирање на панел дискусии за сајбер култура, медиумска етика во рамките на часовите по македонски јазик, информатика, етика | 2022/26 | Наставниците по наставните предмети | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.2.5.** | **Унапредување на родовата култура и однесување на учениците и унапредување на нивната свест и одговорност** | 2022/26 | П. Трпкова | | Зголемено ниво на разбирање и почит кон спротивниот пол и кон другите родови идентитети |
| А 1.2.5.1. | Реализација на методички работилници во рамките на часовите по општествените и природните науки, со акцент на почит меѓу половите, љубов и родова одговорност, хигиена, заштита, сексуалност и репродукција | 2022/26 | Наставниците по наставните предмети | | Индивудуално и групно следење на учениците, извештаи, анкети, прашалници и интервјуа и фокус групи |
| А 1.2.5.2 | Реализација на предавања и работилници со стручни лица и институции | 2022/26 | Р. Ивчева | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Согледување:*** во рамките на редовните часови кои ги опфаќаат гореспоменатите теми, како и во рамките на проектните активности се влијаеше на зголемување на нивото на разбирање, почит кон спротивниот пол и другите родови идентитети. Исто така, се влијаеше на поттикнување на чувството за безбедна комуникација во информатичката сфера | | | | | |
| **Цел 1.3.** | **Јакнење на интересот за науката, културата и спортот кај учениците** | | | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.3.1.** | **Мотивирање на учениците за поголема вклученост во додатната настава и учество во натпревари од областа на општествените и природните науки** | 2022/26 | М. Стојановски | **К** | Зголемен интерес и вклученост на учениците во овој вид настава |
| А 1.3.1.1. | Идентификување на учениците со посебни интереси и натпросечни резултати по определени наставни предмети | 2022/26 | Предметни наставници | **И** | Извештаи на наставниците кои спроведуваат ваков вид настава, споредбени анализи на реализација, прашалници за мерење на мотивираноста на учениците и сл. |
| А 1.3.1.2. | Учество на учениците при подготовката на Програмата за додатна настава | 2022/26 | Предметни наставници | **Н** | Носител на задачата |
| А 1.3.1.3. | Индивидуален пристап кон Програмата според афинитетите, способностите и интересите на учениците | 2022/26 | Предметни наставници | **В** | Јуни |
| А 1.3.1.4. | Јавно промовирање на постигнувањата на учениците и менторите | 2022/26 | Предметни наставници | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.3.2.** | **Поттикнување на креативното изразување на учениците** | 2022/26 | Х. Леова | **К** | Зголем број на активности од областа на креативните уметности, како и зголемен квалитет на креативните содржини |
| А 1.3.2.1. | Организирање на културно-литературни настани | 2022/26 | Актив по мајчин јазик | **И** | Извештај на наставниците за количеството на ваков вид настани, квалитативна анализа на активност на содржините (песна, поетска творба и сл.) и др. |
| А 1.3.2.2. | Подготовка на музичко-сценски изведби | 2022/26 | А. Зафиров | **Н** | Носител на задачата |
| А 1.3.2.3. | Организирање на ликовни работилници, изложби | 2022/26 | Ј.Михова | **В** | Јуни |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.3.3.** | **Зголемување на интересот на учениците за спорт и спортски активности** | 2022/26 | Славчо Давитковски | К | Зголемен број на спортски настани и активности |
| А 1.3.3.1. | Планирање на активности во рамките на редовната настава и проектните активности во | 2022/26 | Предметните наставници | И | Извештај и анализа на наставниците кои ја спроведуваат оваа активност |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | согласност со афинитетите на учениците | | | | |
| А 1.3.3.2. | Организирање на спортски натпревари во секоја дисциплина на ниво на училиште | 2022/26 | Предметните наставници | Н | Носител |
| А 1.3.3.3. | Учество во организирани спортски натпревари на општинско, зонско и државно ниво | 2022/26 | Предметните наставници | В | Јуни |
| А 1.3.3.4. | Промовирање на постигнатите резултати | 2022/26 | Предметните наставници | | |
| ***Согледување***: преку редовната настава и воннаставните активности, учениците се поттикнуваа за вклучување во разни натпревари и манифестации од областа на креативните уметности, општествените и природните науки, како и спортските натпревари и настани. | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 2: Севкупна грижа за учениците** | | | | | |
| **Цел 2.1.** | **Следење и поттикнување на напредокот кај учениците** | | | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 2.1.1.** | **Вклучување на самите учениците при процесот на формативно (тековно) следење на нивниот напредок** | 2022/26 | Д.Тевчева | **К** | Мотивирани ученици, свесни за својот напредок, зголемен интерес и вклученост на учениците во формативното оценување |
| А 2.1.1.1. | Изработка на планирање по наставните предмети кои поттикнуваат поставување ефективни прашања и дискусија кај учениците, како и навремено давање конструктивна повратна информација од страна на наставникот | 2022/26 | Предметни наставници | **И** | Индивидуално следење на учениците и нивниот напредок,, статистичка евиденција на успехот, споредбени анализи, интервјуа и разговори со учениците и сл. |
| А 2.1.1.2. | Вклученост на учениците при изработка на инструменти за формативно следење на напредокот (чек-листи, прашалници, бележници, прашања, анкети, квиз) | 2022/26 | Предметни наставници | **Н** | Носители на задачата |
| А 2.1.1.3. | Планирање на самооценување и заемнооценување во наставата | 2022/26 | Предметни наставници | **В** | Јуни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Задача 2.1.2.** | **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците преку ученички портфолија** | 2022/26 | Б. Донева | **К** | Документирани знаења и вештини за секој ученик по различни предмети, развивање способности за саморефлексија и самовреднување, како и преземањеодговорност за сопственото учење инапредување |
| А 2.1.2.1. | Договор во рамките на стручните активи во врска со структурата, содржината и целта на ученичкото портфолио кое наставниците ќе го користат во наставата | 2022/26 | Претседател и на СА | **И** | Индивидуално следење на напредокот на секој ученик по секој наставен предмет од секој предметен наставник преку ученички портфолија |
| А 2.1.2.2. | Вклучување на учениците во составувањето на портфолијата | 2022/26 | Предметни наставници | **В** | Јуни |
| **Задача 2.1.3.** | **Идентификување на учениците со тешкотии во учењето како и на надарените ученици и нивна континуирана поддршка** | 2022/26 | МаричеКоле ва | **К** | Зголемен интерес и вклученост на учениците во додатна и дополнителна настава |
| А 2.1.3.1. | Изработка на индивидуални планирања (програми) за учење во рамките на стручните активи за работа со надарени ученици | 2022/26 | Претседател на СА, предметни наставници | **И** | Извештаи на наставниците кои спроведуваат ваков вид настава, споредбени анализи на реализација на овој вид настава, прашалници за мерење на мотивираноста на учениците за овој вид настава и сл. |
| А 2.1.3.2. | Развивање на систем на мотивациони постапки, кои ќе бидат во функција на севкупниот развој на надарените ученици | 2022/26 | Стручни соработници наставници | **Н** | Носители на задачата |
| А 2.1.3.3. | Изработка на индивидуални планирања (програми) за учење во рамките на стручните активи за работа со ученици кои имаат потешкотии со процесот на учење | 2022/26 | Предметни наставници | **В** | Јуни |
| А | Акцентирање на индивидуализирана настава, | | Предметни | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.3.4. | користење на соодветни методи и форми за надминување на потешкотиите при совладување на наставниот материјал | 2022/26 | наставници | | |
| **Задача 2.1.4.** | **Мотивирање на учениците за активна вклученост во наставни и вонаставни активности и поттикнување одговорност за сопственото учење** | 2022/26 | Б. Миланова | **К** | Зголемен број на активности во редовната настава и надвор од неа кои поттикнуваат креативност и одговорност за учење |
| А 2.1.4.1. | Индивидуален пристап и планирање на активности во редовната настава и вонаставни активности кои поттикнуваат поголема вклученост на учениците и се во согласност на нивните афинитети, способности и интереси | 2022/26 | Стручни активи, проектни активности, предметни наставници | **И** | Извештај на наставниците за количеството на ваков вид настани, квалитативна анализа на активност на содржините |
| А 2.1.4.2. | Создавање, следење и евалвација на „План за личен раст на ученикот“ | 2022/26 | Стручна служба, предметни наставници | **В** | Јуни |
| **Задача 2.1.5.** | **Афирмирање на учениците преку вонаставните активности** | 2022/26 | | **К** | Зголем број на активности за промоција на учениците и училиштето, задоволни и самоуверени ученици |
| А 2.1.5.1. | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во вонаставните активности | 2022/26 | Предметни наставници | **И** | Извештај и анализа на наставниците кои спроведуваат вонаставни активности |
| А 2.1.5.2. | Промовирање и истакнување на најдобрите резултати преку социјалните мрежи и други медии за презентирање и афирмирање на учениците и училиштето | 2022/26 | Предметни наставници, Тим за промоција на училиштето | **В** | Јуни |

***Согледување:*** мотивирани ученици со развиени вештини по различни предмети, со способност за саморефлексија и самовреднување, како и преземањеодговорност за сопственото учење и напредување

| Цел 2.2. | **Поддршка на учениците од социјално-ранливи категории** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 2.2.1.** | **Идентификување на учениците од социјално-ранливи категории** | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Стручни соработници | **К** | Протокол за следење(опсервација,проценка) |
| А 2.2.1.1. | Информирање на стручните соработници од класниот раководител за ученик од социјално-ранлива категорија во паралелката | | Стручни соработници, класен раководител | **Н** | Носители на задача |
| А 2.2.1.2. | Проценка на социо-емоционалната состојба на ученикот | | Стручни соработници | **И** | Протокол за следење (опсервација, проценка) |
| А 2.2.1.3. | Дополнителна поддршка на учениците од социјално-ранлива категорија од страна на стручните соработници | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Стручни соработници | **И** | Записник од одржани разговори |
| | **Содржина** | **Вр. реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 2.2.2.** | **Инклузираност на учениците во наставни и вонnаставни активности** | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Предметни наставници | **К** | Календар со предвидени работилници, предавања |
| А 2.2.2.1. | Организирање и реализирање на интерни активности (предавања, работилници) | | | **И** | Календар со предвидени работилници, предавања |
| А 2.2.2.2. | Вклучување на учениците од социјално-ранлива категорија при реализирање на вонnаставни активности | | | | |
| А 2.2.2.3. | Учество на учениците во проекти од МОН, НВО | | | **И** | Изготвени и аплицирани проекти |
| **Задача 2.2.3.** | **Дополнителна поддршка од училиштето за учениците од социјално-ранливи категории** | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Директор, стручни соработници, наставници | Носители на задача | |
| А 2.2.3.1. | Континуирано следење и поддршка на учениците од стручните соработници | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Стручни соработници | Записници од одржани разговори | |
| А 2.2.3.2. | Континуирана поддршка од класниот раководител | IX 2022 - VI 2023 континуирано до | Класен раководител | Носител на задача | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 2026 | | |
| А 2.2.3.3. | Следење на успехот и поведението на секој класификационен период | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Директор, стручни соработници, Класен совет | Записници од класен совет |
| А 2.2.3.4. | Дополнителна поддршка од наставниците во текот на наставниот процес | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Стручни соработници, предметни наставници | Носители на задача |
| **Задача 2.2.4.** | **Отвореност за соработка на училиштето со родителите на учениците од социјално-ранливи категории** | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Директор, стручни соработници, наставници | Носители на задача |
| А 2.2.4.1. | Континуирана поддршка на родителот од страна на училиштето | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Директор, стручни соработници, наставници | Записници од одржани разговори |
| А 2.2.4.2. | Мотивирање на родителот за вклучување во интерни активности на училиште (предавања, работилници) | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Стручни Соработници, наставници, класен раководител | **Н**осители на задача |
| А 2.2.4.3. | Запознавање на родителот на правата за социјална заштита | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Соработници, наставници | **Н**осители на задача |

***Согледување:*** Во текот на наставната година учениците од социјално – ранливи категории добиваа континуирана поддршка од страна на стручните соработници, класните раководители и наставниот кадар. Оваа група на ученици се вклучија во интерни активности кои се реализираа во училиштето, а нивните родители беа отворени за соработка во текот на наставната година.

| **Цел 2.3.** | **Поддршка на учениците со посебни образовни потреби** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Содржина** | **Вр. на реализација** | **Носители** | **Кр. за успех** | |
| **Задача 2.3.1.** | **Обезбедување на асистивна технологија во училиштето за потребите на учениците со ПОП** | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | УИТ | **К** | Записници од УИТ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| А 2.3.1.1. | Проценка за видот на асистивна технологија која им е потребна на учениците со ПОП за да го следат непречено наставниот процес | IX - X 2022 - 2026 | УИТ | **В** | септември, октомври |
| А 2.3.1.2. | Обезбедување средства преку донации и спонзорства за набавка на асистивна технологија | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | УИТ | **Н** | Носители на задача |
| А 2.3.1.3. | Запознавање на ученикот со ПОП со начинот на функционирање на избраната асистивна технологија | септември, октомври 2022 - 2026 | Дефектолог | **В** | септември октомври |
| А 2.3.1.4. | Запознавање на предметниот наставник со начинот на функционирање на избраната асистивна технологија | Септември, октомври 2022 - 2026 | Дефектолог | септември, октомври | |
| А 2.3.1.5. | Примена на асистивна технологија во наставниот процес | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Дефектолог, предметни наставници | **Н**осители на задача | |
| **Задача 2.3.2.** | **Отстранување на архитектонски бариери во училиштето** | IX 2022 - VI 2023 до 2026 | УИТ | **К** | Носители на задача |
| А 2.3.2.1. | Промовирање на целосна пристапност во училиштето | | | **Н** | Носители на задача |
| А 2.3.2.2. | Обезбедување на средства преку донации и спонзорства за поставување на пристапни рампи во училиштето | | | **Н** | Носители на задача |
| А 2.3.2.3. | Поставување на пристапна рампа до кабинетите: 001, 002, 003, 004, 005, 009 и 010 | IX 2022 - VI 2023 до 2026 | УИТ | **Н** | Носители на задача |
| А 2.3.2.4. | Поставување на пристапна рампа на службениот влез на училиштето | IX 2022- VI 2023 до 2026 г | УИТ | **Н** | Носители на задача |

***Согледување***:Направена индивидуална проценка за функционална применливост на асистивна технологија која им го олеснува следењето на наставниот процес на учениците со посебни образовни потреби и нејзина употреба во текот на наставата.
Промовирана е целосна пристапност во училиштето и наоѓање на механизам за имплементирање на истата на ниво на училиште.

| **Приоритет 3: Градење на имиџот на училиштето во тек со современите трендови во образованието** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цел 3.1.** | **Подобрување на професионалната и педагошката клима во училиштето** | | | |
| | **Содржина** | **Време на** | **Носители** | **Критерим за успех** |

| | | реализација | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Задача 3.1.1.** | Развивање и негување на добри меѓучовечки односи | 2022/2026 | Директор, Стручна служба, наставници | **К** | Препознатлива добра клима за работа |
| А 3.1.1.1. | Организирање на дружења, екскурзии, посета на театар, престави, концерти, изложби, натпревари и сл. активности за вработените во училиштето | IX 2022/2026 | Директор, Стручна служба, наставници | **И** | Анкета |
| А 3.1.1.2. | Реализација на работилница за вработените за комуникациски вештини | 2023 | Директор, Стручна служба, наставници | **Н** | Носител на задачата |
| А 3.1.1.3 | Засилена соработка во рамките на Стручните активи | 2022/2026 | Наставници | **В** | Јуни |
| **Задача 3.1.2.** | **Поддршка и промоција на постигнувањата на наставниците и учениците** | 2022/2026 | Директор, Стручна служба, наставници | | |
| А 3.1.2.1. | Редовно информирање за учеството и постигнувањата на наставниците и учениците на Наставнички совет, официјалната ВЕБ-страна на училиштето како и на фејсбук и инстаграм | 2022/2026 | Директор, администратор | | |
| А 3.1.2.2. | Доследна примена на Правилниците за избор и прогласување на најдобри ученици | 2022/2026 | Директор, Стручна служба, наставници | | |
| А 3.1.2.3. | Организиран прием на наставниците и учениците добитници на признанија или успеси значајни за афирмација на училиштето | 2022/2026 | Директор | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 3.2.1.** | **Измена и дополнување на веќе посточките правилници во рамките на Куќниот ред на училиштето** | 2022/2026 | А. Смилевска С. Николовски | **К** | Ревидиран Куќен ред |
| А 3.2.2.1. | Формирање на тим за ревидирање на Куќниот ред од редот на наставниците, родителите и учениците | 2022 | | **И** | Извештај |
| А 3.2.2.2. | Прибирање на предлози и сугестии за промена | 2022/2026 | А. Смилевска С. Николовски | **Н** | |
| А 3.3.2.3. | Усогласување на предлозите и сугестиите со законските прописи | 2022/2026 | | **В** | мај |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| A 3.2.2.4. | Утврдување на промените низ телата за одлучување во училиштето: Наставнички совет, Совет на родители, Средношколска заедница и Училишен одбор | 2026 | | | |
| ***Согледување***:со предвидените активности се влијаеше  на професионална добра клима за работа | | | | | |

Директор

_______________________

Илија Попов

СОУ “ Гимназија Кочо Рацин “ - Велес

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
за работа на училиштето
учебна 2024/2025 година




Велес, 2024

| **СОДРЖИНА** | **страна** |
|---|---|
| **Вовед** | 4 |
| Лична карта на училиштето | 4 |
| Календар за работа на училиштето | 4 |
| Развоен пат на Гимназијата, | 5 |
| Дејност на училиштето | 8 |
| Мисија на училиштето, Визија на училиштето, Мото, Цели | 8 |
| Податоци за учениците | 9 |
| Структура на училиштето | 10 |
| • Училишен одбор | 10 |
| • Совет на родители | 10 |
| • Стручни активи | 11 |
| • Совети на година, Наставнички совет, Училишна заедница | 12 |
| • Еко одбор | 12 |
| • Директор, стручни соработници, Училишен инклузивен тим | 13 |
| • Наставен  и кадровски потенцијал | 13 |
| • Административно-технички кадар | 14 |
| • Училишен простор, наставни средства и технички помагала | 14 |
| • Организација на редовна настава | 15 |
| • Јавни и културни активности на училиштето | 21 |
| • Следење и оценување на успехот и напредокот на учениците | 22 |
| • Учество во проекти | 22 |
| Утврдување на подрачја на промени и приоритети | 24 |
| План за реализација на целите | 25 |
| План за реализација на задачите | 26 |
| План за реализација на активностите | 29 |
| План за евалвација | 42 |

**ПРИЛОЗИ**

| | |
|---|---|
| | **Документациски прилози** |
| **Д-1** | Наставен кадар |
| **Д-2** | Листа на раководители на паралелки |
| **Д-3** | Податоци за учениците |
| **Д-4** | Ученичка организација |
| **Д-5** | Распоред на часови |
| **Д-6** | Распоред за изведување на дополнителна и додатна настава |
| | **Програмски прилози** |
| **П-1** | Програма за работа на директор |
| **П-2** | Програма за работа на педагог |
| **П-3** | Програма за работа на психолог |
| **П-4** | Програма за работа на специјален едукатор и рехабилитатор |
| **П-5** | Програма за работа на Училишен инклузивен тим |
| **П-6** | Програма за работа на библиотекар |
| **П-7** | Програма за работа на Наставнички совет |
| **П-8** | Програма за работа на Училишен одбор |
| **П-9** | Програма за работа на Совет на родители |
| **П-10** | Програма за работа на стручните активи |
| **П-11** | Програма за работа на класен раководител |
| **П-12** | Програма за изведување екскурзии |
| **П-13** | Програма за Превенција на врсничко насилство и занемарување во училиштето |
| **П-14** | Програма за грижа за менталното здравје и психо-социјална поддршка на учениците |
| **П-15** | Програма за оценувањето на учениците |
| **П-16** | Програма за еколошка интеграција во образованието |
| **П-17** | Програма за реализација на активностите од Мировно образование |

Вовед

Годишната програма е потреба и услов за создавање на основни претпоставки за успешно остварување на воспитно-образовната дејност. При одредувањето на главните насоки и приоритети во новата учебна година ги користевме добиените заклучоци од аналитичкиот приод на стручните органи и тела во училиштето како и следењето на промените во функционалното размислување, согледувањето и предлозите за подобрување на начинот на работа на наставно-воспитниот процес од страна на сите субјекти во училиштето.

Годишната програма за работа на училиштето е во согласност со Законот за средно образование на Република С.Македонија, законските обврски регулирани со функционирањето на Локалната самоуправа и Советот на општина Велес, законските акти кои ја регулираат областа на институциите кои обавуваат воспитно-образовна дејност, националната стратегија за развој на образованието, општите развојни програми, државните програми за гимназиско образование и Статутот на училиштето. Годишната Програма опфаќа континуитет на голем број активности кои се отпочнати во изминатиот период, а се планирани со Развојниот план на училиштето или се резултат од согледувања од анализата на состојбите и Извештајот за работата на училиштето од изминатата учебна година.

| ➢ **Лична карта на училиштето** | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | Средно општинско училиште „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес |
| **Локација** | Ул. „Благој Ѓорев “ бр.40 , 1400 Велес |
| **Контакт** | 043 215 535<br>gimkocoracin@gmail.com<br>sougimnazija-kochoracin-veles@schools.mk<br>https://www.gimkocoracin.edu.mk |
| **Работно време** | Понеделник - петок<br>Прва смена 7.15 – 13.15 Втора смена 13.30 – 19.30 |
| **Ден на училиштето** | 22 декември |

| | |
|---|---|
| **Верификација на училиштето** | 09-2454/2<br>Од 07.06.2004 година<br>Министерство за Образование и наука , Скопје |
| **Простор** | Училиштето располага со вкупно 4 511 м$^2$ или 10,1м$^2$ по ученик. Наставата се изведува во 2 смени заради заедничко користење на училишната зграда со ССОУ “Димитрија Чуповски”.<br>Училишниот двор е отворен со уредена паркова површина и претставува место за одмор на учениците, но и за граѓаните на Велес.<br>Училиштето располага со еко училница за настава во природа. |
| **Календар за работа на училиштето** | Според Календарот за организација на учебната 2024/2025 година донесен од министерот за образование и наука, учебната година во јавните средни училишта започнува на 1 септември 2024 година, а завршува на 31 август 2025 година.<br>Наставната година започнува на 2 септември 2024 година и завршува на 10 јуни 2025 година, освен за учениците од 4 година за кои редовната настава завршува на 16 мај 2025 година.<br>Првото полугодие започнува на 2 септември 2024 година и завршува на 30 декември 2024 година.<br>Зимскиот одмор за учениците започнува на 31 декември 2024 година и завршува на 19 јануари 2025 година.<br>Второто полугодие започнува на 20 јануари 2025 година и завршува на 10 јуни 2025 година.<br>За учениците од 4 година кои ќе полагаат државна матура или училишна матура во јунскиот испитен рок, во времето од 19 мај до 30 мај 2025 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат матурски интерни и завршни испити.<br>Во времето од 19 мај до 30 мај 2025 година ќе се организира подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината и дополнителни испити. Полагањето на поправните испити, испитите на годината и дополнителните испити во мајската испитна сесија ќе биде организирано во времето од 19 мај до 30 мај 2025 година. |

| | |
|---|---|
| | За учениците од 4 година кои ќе полагаат државна матура или училишна матура во августовскиот испитен рок, се организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината и дополнителни испити од 16 јуни до 25 јуни 2025 година<br>Во времето од 12 јуни до 25 јуни 2025 година и од 11 август до 20 август 2025 година за учениците од прва, втора и трета година се организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината, дополнителни испити и испити за побрзо напредување.<br>**Екст**ерните испити од државната матура во јунскиот испитен рок се спроведуваат во следниве термини:<br>- македонски јазик и литература, албански јазик и литература на 31 мај 2025 година со почеток во 10 часот;<br>- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик и математика на 11 јуни 2025 година, со почеток во 10 часот.<br>За учениците кои во јунскиот испитен рок не положиле дел или сите испити од државната матура или од оправдани причини не полагале државна матура или дел од државната матура во јунскиот испитен рок, се организира втор испитен рок во август во следните термини:<br>- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, на 12 август 2025 година со почеток во 10 часот;<br>- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик и математика на 14 август 2025 година, со почеток во 10 часот.<br>**Интер**ните испити од изборниот дел на државната матура се спроведуваат во термини<br>утврдени од училишната матурска комисија на предлог на соодветните училишни предметни комисии и тоа:<br>- во јунскиот испитен рок во периодот од 17 јуни до 27 јуни 2025 година и<br>- во августовскиот испитен рок во периодот од 15 август до 20 август 2025 година.<br>Презентацијата и одбраната на проектната задача се реализира вопериодот од 1 април до 15 мај 2025 година и од 19 август до 26 август 2025 година. |

| | |
|---|---|
